Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, бр.199/14, бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, бр.14/20 и бр.208/24) и член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Кочани донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 01-435/1
07.03. 20 25 ГОД
КОЧАНИ

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-868/1 од 27.04.2016 година), Правилник за изменување и дополнување на на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-2069/1 од 22.11.2017 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-898/1 од 04.04.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1336/1 од 04.06.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.04-1680/1 од 18.07.2018), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.04-2377/1 од 08.11.2018 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1018/1 од 07.04.2021 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1273/1 од 03.06.2022 година), Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-1158/1 од 08.06.2023 година),Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр.01-2301/1 од 27.12.2023 година), Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр. 01-1019/1 од 17.06.2024 година) и Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Кочани (бр. 01-241/1 од 29.01.2025 година).

### Член 2

Во глава IV. Опис на работните места во општинската администрација на општина Кочани, во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи во Одделение за урбанизам и заштита на животната средина, работното место со реден број 49, шифра - УПР 01 01 В01 000, назив на работно место – Советник за

урбанистичко и просторно планирање во делот број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

**Член 3**

Во глава IV. Опис на работните места во општинската администрација на општина Кочани, во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи во Одделение за комунални работи, работното место со реден број 57, шифра - УПР 01 01 В01 000, назив на работно место – Советник за следење и анализа на состојбите од комуналната хигиена и за други комунални работи, **се брише.**

**Член 8**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат и измени и дополнувања во табеларниот преглед на работни места во општинската администрација на општина Кочани, како составен дел на Правилникот.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Градоначалник на
Општина Кочани
Љупчо Папазов